Врз основа на членовите 16, 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации, (Службен весник на Република Македонија бр.52/10, 135/11 и 55/16), член 14в од Законот за спортот (Службен весник на Република Македонија бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16) и член 34 од Статутот на Кик боксинг федерацијата на Македонија од 10.05.2014 година, Собранието на Кикбокс Маитаи федерацијата на Македонија, на ден 22.08.2018 година, одржа редовна седница и донесе

# С Т А Т У Т

## на Кикбокс Маитаи федерација на Македонија

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Кикбокс Маитаи федерација на Македонија (во натамошен текст: федерацијата) е здружение на граѓани и фондации од областа на спортот (во натамошниот текст: (Федерацијата)) кое во основа има за цел развивање, омасовување и унапредување на кикбоксот и Маитаи спортот преку своите дисциплини во аматерскиот и професионалниот сектор во Македонија.

Член 2

Федерацијата ќе истапува под следниот назив:

КИКБОКС МАИТАИ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА. Скратеното име на федерацијата е КМФМ. Во понатамошниот текст КИКБОКС МАИТАИ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ќе биде означена како со зборот: – ,,Федерација,,.

Член 3

Седиште на Федерацијата е во Скопје, ул.Антон Попов број 1 локал 1 – Скопје.

Член 4

Федерација има печат и штембил.

- Печатот е со тркалезна форма во чија внатрешност со големи букви со кирилично писмо кружно е испишан полниот назив на Федерацијата „КИКБОКС МАИТАИ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА", во горниот дел е исцртано македонското знаме, централно се позиционирани силуети на еден кик боксер и еден маитаи борец во гард позиција завртени со грб еден спроти друг и во долниот дел има насликана тупаница со ловоров венец и под тупаницата испишани големи кирилични букви „КМФМ"; и
- Штембилот има правоаголна форма во него со големи кирилични букви е испишан полниот назив на Федерацијата „КИКБОКС МАИТАИ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА", место за архивски број и датум.

Член 5

Федерацијата е спортска организација која е независна, јавна, транспарентна, непрофитабилна и непартиска. Не прави национална, верска и расна разлика и како спортска организација нема да биде зачленета во ниедна политичка организација.

Член 6

Федерацијата има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Закон и со овој Статут. Статусот на правното лице го стекнува со денот на уписот на Федерацијата во регистарот на здруженија на граѓани и фондации пред надлежен орган.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 7

Основни цели и задачи на Федерацијата се:

- Федерацијата се регистрира во Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија, во Макоедонски Олимписки Комитет и во сите меѓународни спортски организации;
- Федерацијата ја застапува и претставува Претседателот на федерацијата. Претседателот на федерацијата може да го ополномошти Генералниот секретар или друго лице да ја претставува истата;
- поттикнување, омасовување, развој и унапредување на кик бокс спортот,преку неговите дисциплини; Поинт фајт,Лајт контакт,Кик лајт,Фул контакт,Лоу кик, К1 ,Музички форми и Маитаи спортот,преку неговите дисциплини ВАЈ КРУ и МАИ БОРН, ММА и други форми за спортување и рекреација;
- Ја промовира идејата за олимпизмот, образовната и воспитната функција на спортот, фер плејот, разбирањето, толеранцијата и одговорноста;
- Ги штити и промовира интересите на спортот, спортистите и спортските клубови;
- Координирање и усогласување на програмските активности на членовите на Федерацијата;
- Го организира и спроведува системот на натпревари во кикбокс, Маитаи и ММА;
- Води грижа за квалитетот на своите членови и нивно перманентно учество на сите кикбокс, Маитаи и ММА натпревари и манифестации од дисциплините;
- Води грижа за објектите во кои ја одвива својата основна дејност-тренингот;
- Се грижи за унапредување на здравствената заштита на натпреварувачите;
- Се грижи за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри за работа во клубовите;
- Учествува и организира државни и меѓународни натпревари од пријателски и официјален каратктер;
- Доделување на награди и признанија;
- Популаризација на спортот во медиумите;
- Превземање на мерки за спречување на негативни појави во спортот;
- Презема мерки за спречување, и санкционирање на ( натпреварувачите, нивните тренерите и нивните матични клубови кои членуваат во федерацијата ) кои самоволно си организираат, договараат и настапуваат на различни турнири, гала вечери,спектакли, без знаење и одобрување од федерацијата;
- развива соработка со Агенцијата за млади и спорт, Македонскиот олимписки комитет, балканската,европската и светската кик боксинг федерација-В.А.К.О.-за кикбокс дисциплините, и Европската и Светската маитаи федерација ИФМА –за дисциплините од Тајландскиот бокс, и М.М.А - за микс маршал артс;
- Врши и други работи и задачи утврдени со Законот за спорт.

Член 8

Начин на остварување на целите

Остварување на целите и задачите се врши:

- преку организирани форми на спортување и рекреација;
- преку организирање на семинари и полагање на степени, лиценцирање;
- преку организирање на спортски систем на натпревари.(државни првенства);
- преку организирање на лига на натпревари.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО

Член 9

Членувањето во Федерацијата е доброволно.
Член на Федерацијата може да биде секој клуб кој постои на територијата на Република Македонија и кој ќе ги исполнува следните услови:

- да е регистриран пред надлежен орган согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации
- да ги има сите потребни документи за занимавање со спорт согласно со позитивната законска регулатива,
- да потпише пристапница за членување во федерацијата

- редовно да учествува на државните првенства, турнири и купови.
- изјава дека нема самоволно да организираат и настапуваат на различни турнири, гала вечери,спектакли, без знаење и одобрување од федерацијата

Управниот одбор на првата седница го разгледува барањето на клубот за членство и констатира дали се исполнети условите пропишани со став 2 на овој член.
Доколку се исполнети условите за членство, Управниот одбор му предлага на Собранието - прием на нов член, а до приемот стекнува статус на привремен член две години.
Собранието, на првата наредна седница го врши приемот на новиот член на Федерацијата,како последна точка од дневниот ред.

Член 10

Престанок на членство во Федерацијата настапува;
- со грубо кршење на дисциплината и спортскиот морал
- непочитување на одредбите на Статутот и другите акти на Федерацијата
- неспроведување на заклучоците на Собранието на Федерацијата,
- неплаќање на членарината повеќе од една година,
- не учествување во активностите на Федерацијата повеќе од една година,
- самоволно истапување

Одлуката за престанок на членството ја донесува Собранието на Федерацијата на предлог на Управниот одбор.

## ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 11

Членовите на Федерацијата ги имаат следните права и должности:
- Активно да учествуваат во работата и одлучувањето во Федерацијата;
- Претставниците можат да бираат и да бидат избирани во органите и телата на федерацијата;
- Да даваат предлози и забелешки на работата на органите и телата на федерацијата;
- Други права кои им припаѓаат врз основа на Статутот;
- Сите членови имаат еднакви права и должности;
- За организација и учество на домашни и мегународни натпревари,секој клуб е должен да побара согласност од федерацијата.во спротивно ќе биде санкциониран според дисциплинскиот правилник;
- Членовите и придружните членови на Федерацијата плаќаат годишна членарина во висина која ја одредува Управниот одбор на Федерацијата;
- Членовите на федерацијата имаат право на предлози, излагање на проекти, да дискутираат, гласаат на собрание;
- Членовите на федерацијата воедно се делегати за време на собрание, а право на гласање имаат само делегатите;
- Придружните членови на федерацијата имаат право на предлози, излагање на проекти,да дискутираат и се без право на глас.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 12

Работата на Федерацијата е јавна. Јавноста во работата се обезбедува преку:
- Запознавање и известување на членовите и јавноста преку интерни пишани информации, дневен печат, радио и телевизија, интернет сајтови.

ОРГАНИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 13

Органи на Федерацијата се:

- Собрание
- Претседател
- Управен одбор
- Надзорен одбор
- Генерален секретар

СОБРАНИЕ

Член 14

Највисок орган на Федерацијата е Собранието.
Собранието го сочинуваат претседателите на сите клубови - членови на Федерацијата. Претседателите можат да ополномоштат и друго лице од клубот, кое го претставува клубот на седницата на Собранието.
Собранието избира претседател. Мандатот на претседателот трае четири години. Едно лице може да биде избрано за претседател повеќе пати едно по друго.

РЕДОВНА И ВОНРЕДНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО

Член 15

Редовна седница на собранието се свикува најмалку еднаш годишно.
Седницата се свикува со испраќање на покана / дневен ред / со потребен материјал, до 30 (триесет) дена пред одржувањето на собранието.
Член на собрание може да даде предлог за измена или дополнување на дневниот ред за седницата на собранието седум дена пред неговото одржување во писмена форма.
Претседателот на федерацијата три дена пред одржувањето на седницата го објавува конечниот дневен ред на интернет страницата или пред почетокот на седницата.
За работа на седницата на собранието се води записник, кој го потпишува Претседателот, а од изборното собрание, записникот го оверуваат со потпис двајца /1-2/ оверувачи на записникот и претседателот на федерацијата. Записникот го води и потпишува записничар.
Записникот се става на разгледување и усвојување на наредна седница на собранието.
На почетокот на седницата на собранието, претседателот утврдува и соопштува за кворумот односно присутните членови на седницата на собранието.
Изборно собрание на федерацијата се свикува и одржува на секоја четврта година.
Поблиску работата на седниците на собранието се уредуваат со Деловник за работа на собранието.
Претседателот на федерацијата може да свика вонредна седница на собрание доколку за тоа има потреба.
Вонредната седница може да се свика и на предлог од Управниот одбор, Надзорниот одбор или на барање од 1/3 од членовите на собранието.
Вонредната седница се свикува најдоцна за 30 (триесет) дена од поднесокот на иницијативата за свикување на вонредна седница во писмена форма со образложение. Поканата со дневен ред и материјал по него, мора да бидат испратени до сите членови на собранието.

Член 16

Делокруг на работа на Собранието:

- Ја утврдува општата политика на работењето на Федерацијата;
- Донесува Статут, програма, Деловник за работа на Собранието и други акти на Федерацијата, како и нивни измени и дополнувања;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за своето работење;
- Усвојува финансиски план и завршна сметка;
- Утврдува и изнаоѓа начин за реализација на целите на Федерацијата;
- Именува и разрешува претседател на Федерацијата;
- Именува и разрешува членови во Надзорниот и Управниот одбор на предлог на претседателот;

- Именува и разрешува Генерален секретар на предлог на Претседателот;
- Одлучува за здружување или раздружување со други спортски организации и асоцијации во Републиката, за зачленување во други федерации и меѓународни организации;
- Врши прием на нови членови и престанок на членување;
- Донесува одлука за престанок на работата на Федерацијата со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи од делокругот на своето работење согласно закон и Статутот.

Член 17

Собранието одлучува на седници.
Собранието по правило се свикува еднаш годишно.
Седниците на Собранието ги свикува и со нив раководи Претседателот на Собранието.
Седница на Собранието се свикува и по предлог на Управниот, Надзорниот одбор на Федерацијата или на 1/3 од вкупниот број на членовите на Федерацијата.
Собранието може да држи седница ако на него присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број членови
Собранието донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови.
За престанок на постоење на Федерацијата, Собранието одлучува со двотретинско мнозинство.
Собранието одлучува со јавно гласање . со кревање на рака, доколку не е поинаку предвидено со Статутот или Деловникот за работа на Собранието
Секој член има право на еден глас.

Член 18

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор.
Со поканата за седница се доставува и дневен ред за истата и информација за местото и часот на одржувањето, како и соодветни материјали по точките од дневниот ред.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 19

Претседателот на Федерацијата ги има следните права и обврски:

- Ја претставува и застапува Федерацијата;
- Ги свикува и претседава со седниците на Собранието и Управниот одбор;
- Потписник е на актите што ги донесува Собранието и Управниот одбор и на финансиските документи на Федерацијата;
- Претседателот може да овласти друго лице за потпишување финансиски документи за извршување на материјално-финансиското работење на Федерација;
- Во соработка со Генералниот секретар го прати спроведувањето на одлуките од органите на федерацијата;
- Предлага именување и разрешување на членови за Управен и Надзорен одбор;
- Предлага именување и разрешување на Генерален секретар;
- Врши други работи утврдени со овој Статут и други општи акти на Федерацијата.

За своето работење претседателот е одговорен пред Собранието.

УПРАВЕН ОДБОР

Член 20

Управниот одбор по сопствена иницијатива или ако тоа го побараат најмалку 1/3 од вкупниот број на клубовите може да свика Вонредна седница на Собранието.
Начинот на свикувањето, одржувањето и раководењето на Вонредната седница е идентичен со редовната седница.

Член 21

Со работата на Федерацијата управува Управниот одбор.

Член. 22

Управниот одбор го именува Собранието.
Управниот одбор брои 9 членови. Од нив 5 се внатрешни членови, а 4 се надворешни членови, при што во вкупниот број на членови задолжително членуваат најмалку двајца правници и најмалку двајца економисти.
Управниот одбор се именува за мандат од 4 години. Управниот одбор за своето работење му одговара на Собранието
Внатрешните членови на Управниот одбор се избираат од редот на членовите на Собранието.
Мнозинството од членовите на Управниот одбор се државјани на Република Македонија.

Член 23

Мандатот на членовите на Управниот одбот трае 4 (четири) години.
Претседателот на Федерацијата е истовремено и Претседател на Управнииот одбор на Федерацијата.
Генералниот секретар учествува во работата на Управниот одбор без право на одлучување, доколку не е избран на собрание како член на управен одбор.

Управниот одбор избира:

- Селектор и тренер
- Работни комисии согласно Техничкиот правилник на Федерацијата.
- Други тела за потребите на работењето.

За сите наведени функции можен е реизбор.

Член 24

Управниот одбор ги извршува следните работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието;
- Го подготвува нацртот на Статутот и другите актите што треба да ги усвои Собранието на Федерацијата;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- Може да формира стручна служба и да врши контрола врз нејзината работа;
- За одредени работи може да формира работни тела – комиси и да врши контрола врз нејзината работа;
- Предлага измени и дополнувања на Статутот;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Федерацијата;
- Подготвува програма и годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Доделува награди и признанија;
- Одлучува за покренување на спорови;
- Дава мислење од областа на кикбоксот, МаиТаи, ММА за утврдување на статусот и рангот на врвните спортисти, во согласност со правилникот за катерегоризација на спортистите од Република Македонија;
- Врши и други работи за кои ќе го овласти Собранието.

Член 25

Управниот одбор одлучува на седници.
Седниците на Управниот одбор се одржуваат по потреба.
Управниот одбор може да работи и полноважно да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината членови.
Своите одлуки Управниот одбор ги донесува со мнозинство на гласови од присутните. При израмнети гласови, одлучува гласот на Претседателот.

Член 26

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот.
Во случај на отсуство или спреченост со седниците раководи Генералниот секретар или еден член од Управниот одбор.

Управниот одбор може да одлучи и по писмен пат на предлог од претседателот вон од седница, освен за усвојување на акти. Доколку членот не се произнесе по предлогот, се смета дека по предлог – одлуката дал согласност.
За итни прашања може да се одлучува на таканаречена електронска седница / по пат на електронска пошта/.

Член 27

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.
Собранието може да го отповика целиот Управен одбор или поедини членови и пред истекот на мандатот, доколку оцени дека истите на ја обавуваат својата должност во согласност со одредбите на Статутот, односно со одлуките на Собранието.

НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 28

Надзорниот одбор го именува Собранието.
Надзорниот одбор брои 3 членови Надзорниот одбор се именува за мандат од 4 години. Надзорниот одбор за свое работење му одговара на Собранието.

Делокруг на работењето на Надзорниот Одбор е:

- Ја контролира работата на Федерацијата во целост, во смисла на статутарно и финансово спроведување на одлуките на надлежните органи и помага во евентуални потешкотии при спроведувањето на донесените одлуки,
- Дава извештаи на Собранието за работата на Управниот Одбор,
- Доколку во определен рок Претседателот не свика седница на Собранието, истата во кординација со иницијаторите ја свикува и со неа раководи,
- Прима поплаки и предлози од клубовите, во смисла на работењето на Управниот одбор или на некој од органите на истиот,
- Врши и други работи за кое нешто ке биде овластен и задолжен од страна на Собранието.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

Член 29

Генералниот секретар во својот делокруг на работа ги обавува следните работи:

- Помага во работата на Претседателот,
- Врши евиденција на членството
- Се грижи за материјално-финансиското работење на Федерацијата,
- Се грижи за навремено реализирање на сите финансови активности кои се поврзани со функцијата на жиро сметката на Федерацијата,
- Ја претставува федерацијата со полномошно од Претседателот,
- Ја организира работата на федерацијата,
- Обавува работи кои ќе му ги пренесе Претседателот,
- Учествува во работата на собранието без право на глас, доколку не е член на собранието,
- Обавува и други работи согласно законот, статутот и програмата,
- Генералниот секретар функцијата може да ја врши како вработено лице, со хонорар или волонтерски,
- Генералниот секретар го именува Собранието на предлог на Претседателот, со мандат од четири години, со можност за повторно именување,
- Генералниот секретар се именува од редот на истакната стручни спортски работници, со покажани забележителни резултати во работењето,
- Поради отсуство, може да го заменува друго лице кое тој ќе го ополномошти, со согласност од Управниот одбор.

За своето работење Генералниот секретарот е одговорен пред Претседателот и Управниот одбор на Федерацијата.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ... РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА ... СК

МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСОВО РАБОТЕЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 30

Материјално финансиското работење се води согласно важечките прописи кои ја регулираат оваа материја.

ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Член 31

Федерацијата се финансира од:

- Буџетот на Републиката, врз основа на приложената програма, до Агенцијата за млади и спорт.
- Буџетот на Републиката, врз основа на приложената програма и остварени спортски резултати,до Македонски Олимписки Комитет.
- Сопствени извори,
- Спонзорства и донации,
- Продадени влезници од натпревари
- Такси од полагање на степени(диплома на ученик и мајстор,лиценци )
- Преку членарини и котизации на членовите на Федерацијата.

Член 32

Користењето и располагањето на средствата, федерацијата ги врши на начин предвиден со Статутот и Законите, за што носи годишен финансиски план.
Федерацијата за потрошените средства поднесува годишен извештај за наменско трошење на средствата.
На годишно собрание федерацијата усвојува завршна сметка за вкупното финансиско работење.

Член 33

Федерацијата може да се стекнува со подвижни ствари и недвижности.
Управниот одбор донесува одлука како за стекнување со имот, така и за располагање со стекнатиот имот (стекнување, оттуѓување, подарување, давање во закуп и сл.).

НАТПРЕВАРУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Член 34

Федерацијата во рамките на своите активности го организира и спроведува системот на натпреварите помеѓу кикбокс,маитаи и ММА клубовите,ги организира државните првенства по дисциплините и возрасни категории, го изработува календарот на натпреварите, притоа водејќи сметка за усогласување на натпреварите во Државата со Календарот на натпревари на Балканската, Европската и Светската кикбокс федерација-В.А.К.О, за дисциплините од кикбокс; Европската и Светската Маитаи федерација-И.Ф.М.А за дисциплините во тајландски бокс; и М.М.А - за микс маршал артс.

Член е во: Агенцијата за млади и спорт на Р.Македонија, во Македонскиот Олимписки Комитет (МОК), Сојузот на Спортски федерации на Македонија, Сојузот на Спортови на град Скопје и други релевантни институции.

ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕЊЕТО

Член 35

Федерацијата престанува со работа со Одлука на Собранието

- Кога за тоа ќе одлучат 2/3 од членовите,
- Ако бројот на членовите на Федерацијата падне под 5 здруженија - клубови,
- Ако Уставниот суд на РМ утврди дека Програмата и Статутот на Федерацијата не се во согласност со Уставот,
- Ако се утврди дека Федерацијата престанала со работа,
- Со решение на надлежен орган за регистрација со кое се забранува работата на Федерацијата.

Претседателот на Федерацијата е должен во рок од 15 дена да го извести надлежниот орган за настанување на околностите од став 1 на овој член. По утврдување на постоење на некоја од наведените околности надлежниот орган ќе донесе Решение согласно со Закон за престанок на Федерацијата, по што следува бришење од Регистарот на Здруженија и регистарот на сојузи пред надлежниот орган.

Член 36

Во случај на престанок на работата на Федерацијата, средствата што остануваат на жиро сметката на Федерацијата, како и стекнатиот подвижен и неподвижен имот, по намирување на обврските спрема трети лица, ќе се користат согласно одлуката на Собранието за располагање со имотот на Федерацијата. Можат да се пренесуваат на членовите на Федерацијата или на некоја од постоечките хуманитарни организации.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Членките на федерацијата должни се во рок од шест месеци од усвојувањето на Статутот да покренат иницијатива за усогласување на нивните статути со овој Статут.

Член 38

Измени и дополнувања на Статутот донесува Собранието, на начин и постапка како за негово донесување.

Член 39

Право на толкување на Статутот има Собранието, а помеѓу две седници на Собранието, тоа право го има Управниот одбор на федерацијата.

Член 40

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување.
Со влегување во сила на овој СТАТУТ, престанува да важи статутот донесен на 10.05.2014 година.

Место и датум

Скопје, 22.08.2018 година

Претседател

м-р Дејан Митровски

КИК БОКСИНГ ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0303-33
22.08 2018 год.
СКОПЈЕ